Република Северна Македонија
Министерство за животна средина
и просторно планирање

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Mjedisit Jetësor
dhe Planifikimit Hapësinor

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 1849/2021
Дата......10.-12.-2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е

## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција.**

Вкупната должина на гасоводот изнесува 66,518 km.

Трасата на гасоводот навлегува во плански опфат за кои се издадени:

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за комплекс со намена лесна индустрија на КП: 79/8, 79/9, 79/10, 79/11, 79/12, 79/13, 79/14, 79/15, 79/16, 79/18 м.в. Црвен Брег, КО Тимјаник и на КП 278/3, 278/5 и 278/6 на м.в. Бунарјето, КО Дуброво, Општина Неготино со тех. бр. Y00514;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за комплекс со намена Г2 – лесна индустрија м.в. Горни Чаири, КО Богданци, Општина Богданци со тех. бр. Y10515;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план вон населено место за индустриска зона Билото, КО Прдејци, Општина Гевгелија со тех. бр. Y14312i;


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на експлоатациони бунари за зголемување на капацитетот на извориштето на вода и обезбедување на дополнителни количини на вода за Дојранско Езеро и новиот систем за наводнување Паљурци, Општина Богданци со тех. бр. Y09309;
- Услови за планирање на просторот за изградба на фекална канализација со пречистителна станица за отпадни води, на делови од КП 1753, 1728/1, 1007, 996, 997, 1001 и 1002 во село Прждево, Општина Демир Капија со тех. бр. Y07921;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички план за село Чифлик, Општина Демир Капија со тех. бр. Y20414;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на ветерна електрана бр. 13, на КП 1853/1, КО Негорци, Општина Гевгелија со тех. бр. Y02808.

  Планскиот опфат на повеќе места се сече со:
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за изградба на 12 вентилски станици, терминални станици и придружен оптички кабел на трасата на цевководот Скопје-граница со Република Грција со тех. бр. Y07609;
- Услови за планирање на просторот за изработка на урбанистички проект за поставување на 20 kV кабел вкопан во ров за поврзување на Ветерните електрани на територијата на Општина Гевгелија со тех. бр. Y11408;
- Услови за планирање на просторот за изградба на надворешна инфраструктура за потребите на ТИРЗ Гевгелиј, КО Прдејци и КО Негорци, Општина Гевгелија со тех. бр. Y04115;
- Услови за планирање на просторот за иаработка на проект за инфраструктура изградба на регионален пат Р-109, делница Демир Капија-Крњево со тех. бр. Y35010;
- Услови за планирање на просторот за изработка на проект за инфраструктура за изградба на магистрален гасовод за делница 1: Клечковце-Штип-Кавадарци со тех. бр. Y20911.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да представуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согладсност со Просторниот план на Република Македонија.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со тех.бр. **Y16321** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Трасата на гасоводот во ВП„Долен Вардар" минува низ сливното подрачје на планирана акумулација Петрушка на Петрушка Река, но и преку водното огледало на планираната акумулација Гевгелија на реката Вардар. Максималното ниво на водата на акумулацијата Петрушка се предвидува на кота 213,5 м.н.в. Максималното ниво на водата на акумулацијата Гевгелија се предвидува на кота 54,2 м.н.в. При изработката на проектно планската документација за гасоводот да се има во предвид планираната акумулација Гевгелија на река вардар и да се превземат соодветни мерки за да не дојде до конфликт во функционирањето на гасоводот и реализацијата на акумулацијата во идниот период.

6. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија
Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

7. Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, трасата на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, поминува низ предложено природно наследство: СТУДЕНА ГЛАВА-Рид Трник НИПР ( Научно-истражувачки природен резерват-предлог).

Предметниот простор поминува низ подрачјето "Негорски Бањи" кое е идентификувано подрачје во Националната Емералд мрежа.

8. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за предметната документација за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 36720 од 05.07.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција. Вкупната должина на гасоводот изнесува 66,518 km.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање (“Сл. весник на РСМ” бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. **УП1-15 1849/2021 од 07.12.2021 година**.

Условите за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка (“Сл. весник на РМ” бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на Услови за планирање на просторот за изградба на Интерконективен гасовод Република Северна Македонија – Грција и одлучи како во диспозитивот.

Упатство за **правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР
РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР
Nebi Rexhepi

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица“ бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. “Presveta Bogorodica” nr. 3, Shkup

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk